# Свет зад светот

Лидија Капушевска-Дракулевска

Изданието е поддржано од:

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Едиција **Перископ**

Главен уредник
**Филип Димевски**

Наслов на оригиналот
**Лидија Капушевска-Дракулевска, „Свет зад светот“**

**Copyright © 2023, Лидија Капушевска-Дракулевска**
**Copyright © 2023, Бегемот**

Лектура
**Ирена Ралева**

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Графичко уредување
**Наталија Лукомска**

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

# Свет зад светот

Лидија Капушевска-Дракулевска

Скопје, 2023

„Светот е книга, а ние не ги знаеме сите букви за
да ја прочитаме целата.
Само, ете, понекаде нешто
ќе фатиме. Нешто ќе прочиташ, нешто не“.

Влада Урошевиќ

# Књижевни мапирања и омажи

## Патник низ лавиринтите на времето

(за кратките прози на Славко Јаневски)

„Небото е бело. И земјата.
Каква боја има животот?“
Славко Јаневски

Да се пишува за Славко Јаневски (1920–2000), еден од темелниците на современата македонска книжевност, е речиси „невозможна мисија“. Редок творец што оставил неизбришливи траги и во поезијата, и во прозата, и во сликарството. Вонреден уметник, наш, македонски, но и вонвременски и светски. Балкански Итар Пејо што патува низ времиња и простори со својата „кочија од чад“. Еден од најенигматичните автори кај нас.

Во богатиот и разновиден книжевен опус на Јаневски, кратките прози од книгите *Зад тајната врата* (1993) и *И петто годишно време* (објавена постхумно, во 2001), заземаат посебно место бидејќи, на еден мошне оригинален начин, ги сублимираат во единствен творечки профил „сите лица“ на авторот: поетското и раскажувачкото, сликарското и патописното, хроничарското и имагинарното, па дури и она, условно кажано, „детско“ лице, озарено од восхитот

при средбата со најразлични чуда (мислам на Јаневски како автор на книги за деца). Оваа своевидна хетероглосија (како што би рекол Бахтин) креативно пулсира низ неговите прозни „етиди“ (како што самиот ги нарекува текстовите од *Зад тајната врата*) и повикува на повеќекратна авантура.

**Авантура број 1: игра со жанрот**

Во книгите *И петто годишно време* и *Зад тајната врата*, Славко Јаневски, авторот на монументалните прозни остварувања во современата македонска книжевност („Кукулинскиот циклус“ се состои од девет романи), се промовира како „прецизен цизелатор“ на минијатури. Врвните познавачи и толкувачи на делото на Јаневски кај нас, Георги Старделов и Влада Урошевиќ, во врска со жанровската определба на текстовите од споменатите книги, го истакнуваат бравурозното „поетско раскажување“, односно поезијата како базична оска на овие прози. Со други зборови, „по својата форма и по својот ритам“ овие текстови се прозни дела, „но по својот интензитет, згуснатост и глобална метафоричност, по својата екстрактност“, ова е несомнено поезија – ќе рече Влада Урошевиќ (2005: 322).

> За цело време трските во шамакот свиреа низ своите шупливи ‘рбетници. Го збунуваа ветрот занишан на пајакова мрежа помеѓу двете одамна остарени тополи на песочниот брег. Од едното до другото стебло лежеа чунови слични на зборови во заграда. Звукот од шамакот ветрот го сфати како носталгичен повик на помалите и постарите браќа. И појде да ги бара. „Postscriptum“ (*Зад тајната врата*).

Сипаници – рубини на детско лице!
Момченцето од единаесет години се покри преку глава и сони необичен настан. Во тој сон домашната мачка Луна стана принцеза... Седи Луна на престол од измазнети школки: над жолтите очи со издолжени зеници – круна! (...)
Се раздени. Момченцето ги отвори очите. Во еден ќош на собата мачката Луна сонуваше свој сон. Мачката со круна на глава беше само детски цртеж на бела хартија. „Треска“ (*Зад тајната врата*).

Молкот трепетливо се одразува во змиестата издолженост на реката. Се преобразува. Во водата станува еднолично шумолење, химна на природата. Жолтите и руменикави планински принцези перуники, ги нема, рано им е да се обноват. Ќе ги разбуди утре пролетен дожд, ќе ѕирнат од под земја и повечни ќе се од љубовната песна на еребицата камењарка, пред таа да стане притаена грумка под небесното кандило. „Ден за безгласни молитви“ (*И петто годишно време*).

Бела и студна е месечината. Едното око ѝ е отворено, преку другото лежи одвај забележлив превез. Се насмевнува со лице на безгрижен евнух. (...)
Планината е под оклоп на тишина. Негде подолу, во длабочините на нејзините пазуви, спие под мраз безимен поток. (...) Коњите призраци се изморени. Стојат неподвижно еден зад друг. Проѕирни се. Изгледаат како фигури од мраз и се топат. Обликот им се губи. „Призрачно делче на времето“ (*И петто годишно време*).